# 2012 ИНДЕКС НА ОДРЖЛИВОСТ НА ГО – МАКЕДОНИЈА

## ОДРЖЛИВОСТ НА ГО: 3.7

Во 2012 година, иако граѓанскиот сектор во Македонија забележа одредени падови во некои димензии на индексот, целокупниот индекс за одржливост на ГО остана непроменет.

**Резултати за Македонија, 2012**




Правната рамка која го регулира секторот ослабна како последица на предложените политики кои треба да и обезбедат на Владата поголема контрола над активностите на ГО. На пример, новиот Закон за лустрација им наложува на членовите на ГО да дадат изјави дека не соработувале со тајните служби на претходниот режим. Владата најави план за воведување обврска на членовите на управните одбори на ГО да го пријавуваат својот имот согласно последните програми за борба против корупцијата и судирот на интереси.




Пад бележат и капацитетот на ГО за застапување и јавниот имиџ. Влијанието на ГО врз политиките останува незначително. ГО коишто се критички настроени кон власта, неретко се соочуваат со тешкотии. Тие често се цел на вербални напади, а понекогаш дури и етикетирани како национални предавници. За да ја маргинализира нивната работа, Владата активно поддржува владини НВОи (т.н. ГОНГОи) и организира контрапротести.



Во исто време, ГОите ја интензивираа соработката со приватниот сектор и сè повеќе ја користат донаторската поддршка на Европската унија и меѓународната заедница.

Според Националниот регистар на Македонија, до крајот на 2012 година биле регистрирани 4.686 организации. Оваа бројка е за повеќе од двојно помала од бројот регистрирани организации во 2010 година, пред задолжителната пре-регистрација на ГОи согласно тогаш новиот Закон за здруженија и фондации (Закон за здруженија).

## ПРАВНО ОПКРУЖУВАЊЕ: 3.3




Правното опкружување се влоши во 2012 година како последица на односот на Владата кон ГОите. Владата ги дискредитира ГОите кои ги критикуваат нејзините политики, а понекогаш дури и јавно ги карактеризира како предавници. Оттука, за многу ГОи самоцензурата стана секојдневна практика.

Здруженијата и фондациите можат да се регистрираат и пререгистрираат лесно и во разумен временски рок, согласно Законот за здруженија и фондации од 2010 година. Сепак, во 2012 година две организации не успеаја да се регистрираат – „РАДКО“ (бугарска организација за малцинства која има контроверзни ставови кон македонскиот идентитет и државност) и „Анастасија“ (предводена од српски владика кој е вклучен во правниот спор со Македонската црква и судството). Овие случаи им го привлекоа вниманието на медиумите, особено поради сомнежите дека одлуките се политички мотивирани.

Со Законот за здруженија и фондации од 2010 година се воведе статус на организации од јавен интерес, со што се овозможуваат посебни даночни олеснувања за организациите со таков статус. Во март 2012 година, најпосле се формираше предвидената Интерресорска комисија, која треба да ги разгледува и да даде мислење до Владата во врска со пријавите на ГОи за добивање статус од јавен интерес. Сепак, Комисијата наиде на критики поради малиот број вклучени граѓански организации. До денес, само две ГОи се имаат пријавено за овој статус што, имајќи ги предвид актуелните политички околности во земјата, се должи на стравот на ГОите дека ќе бидат етикетирани како провладини организации доколку се пријават. Дополнително, Законот не ги дефинира јасно придобивките и критериумите за добивање статус на организација од јавен интерес.

Во јуни 2012 година беше усвоен нов Закон за лустрација, со цел да се отстранат од јавните функции сите поранешни полициски информатори и соработници со комунистичкиот тоталитарен режим. Овој закон не дефинира јасно дали и основачите на ГО, членовите на управните одбори и вработените треба да дадат изјава дека не соработувале со поранешните тајни служби. Во 2012 година, Владимир Милчин, извршен директор на Фондацијата Отворено општество Македонија (ФООМ) и гласен критичар на Владата, беше вторпат испитуван од страна на Комисијата за лустрација како поранешен носител на јавна функција.

Како дел од владиниот Акциски план за периодот 2011-2015 година, државните програми за спречување корупција и судир на интереси предложија измени на Законот за спречување судир на интереси, кои би ги обврзале членовите на управните одбори на ГОите да го пријават својот имот. Иако сè уште не е усвоен, предлогот претставува закана за независноста на ГОите, поради што и стана цел на расправа.

Граѓанскиот сектор се соочи и со ограничувања на правото на слободно здружување на локално ниво. Како најзначајна се издвојува заканата што се случи за време на Маршот за мир, кој Градот Скопје првично го забрани поради наводни безбедносни причини. Конечно, Маршот се одржа благодарение на големиот притисок од граѓанскиот сектор.

Се презедоа чекори во позитивна насока со цел спроведување на Националната стратегија за развој и промоција на волонтерството 2010-2015 година. Се формираше Национален совет за развој на волонтерството, кој веднаш започна со работа, и во своите редови вклучи четворица претставници на граѓанскиот сектор. Згора на тоа, Советот и Министерството за труд и социјална политика ги доделија првите државни награди за волонтерство, со цел да ги наградат заслужните волонтери и да го унапредат волонтерството.

Даночните олеснувања за ГОите сè уште претставуваат проблем. Додека Законот за здруженија и фондации го овозможува статусот на организации од јавен интерес, даночните олеснувања на коишто тие имаат право сè уште не се јасно одредени во даночната регулатива и други закони.

Законот за донации и спонзорства во јавните дејности е уште едно нерешено прашање; многу термини и услови се недоволно јасно дефинирани. Иако согласно законот, физичките и правните лица имаат право на одбитоци, постапката по која тие можат истите да ги добијат сè уште не е утврдена. Оттука, работна група од Министерството за правда, во која учествуваа и две граѓански организации, изготви измени на Законот за донации и спонзорства со цел да реши дел од овие проблеми. Иако Министерството планираше да го изготви новиот закон до летото 2012 година, процесот стагнираше, а неколку важни прашања останаа нерешени. Неколку ГОи планираат да вложат напори и заеднички да го ревидираат постојниот закон.

Познавањата на ГОите за правната рамка и понатаму се ограничени. Додека главниот град располага со искусни адвокати за прашања поврзани со граѓанскиот сектор, во останатите градови во земјата речиси и да не постои таков кадар.

## ОРГАНИЗАЦИСКИ КАПАЦИТЕТ: 3.7




Генерално, ГОите не успеваат да стигнат до своите целни групи, иако постојат неколку позитивни исклучоци. На пример, Организацијата на потрошувачите на Македонија моментално брои 5.000 членови иако беше критикувана дека не ги штити правата на граѓаните во однос на политиката за централно греење преку Советот за заштита на потрошувачите.

Стратешкото планирање во секторот е сè поприсутно, и неформалните иницијативи се сè подобро организирани и насочени.

Иако сè уште официјалната статистика не е достапна, се чини дека вкупниот број вработени во секторот е во опаѓање. Улогата и задачите на управните и извршните одбори, како и на персоналот се јасно одредени, но неретко вработените во ГОи се и членови на управниот одбор. Некои ГОи ангажираат волонтери, но оваа практика сè уште не е широко распространета.

Повеќето ГОи располагаат со основна канцелариска опрема, иако голем дел од нив и понатаму користат нелиценцирани софтверски програми зашто немаат финансиска можност да набават лиценцирани верзии. Пристапот до интернет останува проблематично прашање во помалите заедници.

## ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ: 4.5




Финансиската одржливост на ГОите не е значително променета во текот на 2012 година, иако бизнис-секторот покажува зголемен интерес за граѓанскиот сектор. На пример, две малопродажни компании, „Тинекс“ и „Тедико“, наменија над 70.000 евра во граѓанскиот сектор преку разни фондови како дел од нивните програми за општествена одговорност на претпријатијата. Слични практики се забележуваат и кај регионалните компании. Бизнис-форумот на Центарот за институционален развој (ЦИРа) секоја година доделува награди на компании за добри практики на одговорно делување, што дополнително ја унапредува соработката помеѓу граѓанскиот и деловниот сектор.

Од 2010 година, преку Програмата за донации и спонзорства на ЕЛЕМ (А.Д. Електрани на Македонија) се доделени приближно 500.000 долари во граѓанскиот сектор за проекти во различни полиња на интерес. Здружението „Конект“ ги доделува овие средства преку јавни повици за проектни предлози. Со цел зголемување на транспарентноста во работењето, оваа година компанијата го објави својот прв годишен извештај за распределбата на донациите и спонзорствата во 2011 година.

Европскиот проект „Техничка помош за граѓански организации“ (ТАКСО) нуди помош на ГОите во собирање средства на локално ниво. Во соработка со „Конект“, ТАКСО подготвува преглед на компании коишто објавиле информации за можности за соработка со ГОи како и за донаторските практики на деловните субјекти. Индивидуалните донации во граѓанскиот сектор сè уште не се честа појава. ГОите бележат многу поголем успех во собирањето средства за социјални цели, итни случаи или болести во терминална фаза, како на пример медицински третман и лекување на деца, отколку за долгорочни развојни цели.

Иако бројот на странски фондови не бележи пораст, сè повеќе ГОи поднесуваат апликации за финансирање од европските фондови, со што се зголемува нивната финансиска одржливост.

Владината поддршка за граѓанскиот сектор е и натаму ограничена. Од друга страна, општинските совети ја подобриле својата работа во овој сегмент, така што нудат дополнителни средства за проекти поддржани од ИПА програмата. На пример, Општините Битола, Валандово, Гевгелија, Струмица и Дојран даваат финансиски контрибуции на проекти кои ГОи ги менаџираат за прекугранична соработка со Грција и Бугарија.

## ЗАСТАПУВАЊЕ: 3.4




Кога се во прашање капацитетот и успешноста во застапувањето на ГОите, постојат големи разлики на локално и централно ниво. Напорите за застапување на локално ниво се во најголема мера успешни, што е поретко случај со оние на национално ниво.

Инструментот за процена на влијанието на регулативата (РИА) утврдува постапка преку која Владата може да се консултира со граѓаните и други чинители за законски и регулаторни документи. Но, Владата и министерствата не ја спроведуваат оваа постапка целосно. Предлог-законите и

предлозите на Владата се достапни за разгледување и коментирање преку Единствениот национален електронски регистар на прописи во Македонија (ЕНЕР). И покрај тоа што ЕНЕР претрпе неколку промени оваа година, поради што законите најчесто не беа навремено поставувани во консултативниот процес, сегашниот систем сè уште не дозволува непрекинат мониторинг на периодот за консултација. Поддржан од ОБСЕ и ЕУ, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) изготви водичи и реализираше повеќе активности со цел градење на капацитетите и на ГОите и на државните службеници за овој консултативен процес.

И покрај тоа што ГОите учествуваат на седниците и јавните расправи на парламентарните комисии и и нудат експертиза на централната власт, нивното влијание врз политиките е и натаму минимално. На пример, Македонскиот институт за медиуми (МИМ) препорача измени на Изборниот законик со кои требаше да им се дозволи на медиумите финансиски да ги помагаат политичките кампањи, но истите не беа вклучени во конечната верзија на законот. Предложените измени на ГОите не беа вклучени ни во Законот за навреда и клевета, Кривичниот законик, ниту во новиот Закон за медиуми.

Должината на консултативниот процес зависи од институцијата. Министерството за информациско општество и администрација воведе механизми за консултација за Процена на влијанието на регулативата и продолжени консултации до 30 дена. Од друга страна, проектот „Скопје 2014“ и Новиот урбанистички план на Градот Скопје беа усвоени без каков било инклузивен процес на одлучување.

„Аман“, неформална граѓанска иницијатива за политиките на централно греење и електрична енергија, собра 10.000 потписи преку петиција против растечките трошоци за електрична енергија и бараше измени на Законот за енергетика. Нејзините барања ќе бидат разгледани во Собранието во 2013 година.

## ИСПОРАКА НА УСЛУГИ: 3.8




Во 2012 година, испораката на услуги од страна на ГОите станува сè поразновидна. Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) и неговите партнерски организации покренаа иницијатива со цел обезбедување услуги за поддршка на микро и мали локални претпријатија при конкурирање на тендерите за јавни набавки. Здружението „ЦеПроСард“ им испорачува значајни услуги на земјоделските работници. Во 2012 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права во Република Македонија го отвори првиот Центар за поддршка на лезбејки, геј, бисексуалци/ки и трансродови лица (ЛГБТИ) во Скопје. Но, во знак на негирање и неприфаќање, Центарот беше напаѓан, па дури и запален една недела по отворањето.

Испораката на услугите од страна на ГОите и понатаму останува зависна од фондовите на донаторската заедница. ГОите се критикувани дека ги земаат предвид само барањата на донаторите, а не и потребите на целната група. За разлика од иницијативите за испорака на услуги наметнати од централната власт, испораката на услуги на локално и „грас-рут“ (grass-root) ниво се покажа како многу поуспешна.

Владата ја уважува и поддржува испораката на услуги од страна на ГОите. На пример, Владата ја поддржува граѓанската иницијатива „СОС Детско село“. Помогната од УСАИД, организацијата „Отворете ги прозорците“ продолжува да соработува со надлежните министерства со цел обезбедување инклузивно образование за децата со посебни потреби во основните училишта.

# ИНФРАСТРУКТУРА: 3.3

ГОите сè повеќе соработуваат меѓусебно, создаваат нови мрежи и отпочнуваат иницијативи за прашања од јавен интерес. На пример, иницијативата „Аман“ се залага за намалување на цените на централното греење и електричната енергија, а „Заедно за мир“ организираше Марш на мирот во март 2012 година.




Во 2012 година, ЦИРа продолжи со регрантирање средства од швајцарски донаторски програми во граѓанскиот сектор. Дополнително, организациите ФООМ и „Конект“ регрантираат локални финансиски средства.

Претходно поддржани од ФООМ, дел од центрите за поддршка во граѓанскиот сектор и понатаму ги поддржуваат и обучуваат локалните ГОи. ТАКСО, пак, и понатаму им дава поддршка и обуки на ГОите, а ЕУ Инфо центарот останува важна локација за организирање настани во главниот град.

Проектот на УСАИД во граѓанскиот сектор, којшто го спроведува ФООМ во соработка со четири други организации, обезбедува финансиска поддршка, обуки по менаџмент и комуникациски вештини за ГОи.

Локални обучувачи вршат обука на национално и регионално ниво. Дополнително, во соработка со ЦИРа, Универзитетот на ЈИЕ во Тетово ги отвори првите магистерски студии за Развој на граѓанското општество, наменети главно за лидерите во граѓанскиот сектор од Македонија и земјите од Западен Балкан.

Во 2012 година, во партнерство со ГОите, Одделението за соработка на Владата со граѓанскиот сектор изготви нова Стратегија за соработка (2012-2017). Оваа стратегија е во фаза на реализација на првите активности за нејзина реализација.

# ИМИЏ ВО ЈАВНОСТА: 4.1




Генерално, во 2012 година, медиумите продолжуваат да промовираат негативни стереотипи за ГОите и да ја минимизираат можностите за соработка со ГОите на партнерска основа. Оттука, медиумското покривање за ГОите во ударни термини е ограничено.

Иако лиценците за емитување ТВ програма ги обврзува радиодифузерите да емитуваат програми од јавен интерес, како што се образовните и програмите за подигање на свеста, телевизиите често ја прекршуваат оваа одредба и ги „преплавуваат“ ударните термини со сензационални емисии.

Од друга страна, некои организации имаат големо присуство во медиумите, како на пример, организациите „Меѓаши“, „МОСТ“ и Хелсиншкиот комитет за човекови права, и истите редовно се консултирани за стручно мислење и експертиза.

Медиумското покривање на ГОите е подобро на локално ниво, иако некои ГОи плаќаат за оваа услуга од медиумите. Во 2012 година, некои медиуми емитуваа изјави на активисти за брутално однесување

на полицијата и закани кон големи граѓански и неформални иницијативи. ФООМ и „Аман“ ги пријавија заканите кон некои од нивните активисти и им пружија поддршка. Во други случаи, ГОите и неформалните иницијативи кои го критикуваат владиното делување, се цел на говор на омраза од провладините медиуми.

Во 2012 година, МИМ постави нов веб портал, www.aktiv.org.mk, кој служи како врска помеѓу ГОите и медиумите со цел унапредување на покривањето на активностите во граѓанскиот сектор од страна на медиумите. ГОите го сметаат Радио МОФ (Младински образовен форум) за веродостоен медиум со национално покривање.

ГОите се неподготвени за користење на новите медиуми во својата работа. Неодамнешно истражување на МИМ покажува дека од вкупно дваесет ГОи кои учествувале на обука за нови медиуми, само две ги користат алатките коишто им биле претставени.

ГОите се сè уште зависни од донатори како ФООМ, УСАИД и ЦИРа за институционални и програмски средства со цел зајакнување на капацитетите за комуникација. Според ЦИРа, во 2012 година, голем број ГОи пројавиле интерес за подобрување на своите комуникациски вештини.

Владината перцепција за ГОите, особено за оние коишто го критикуваат владиното работење, останува негативна. И перцепцијата на јавноста за ГОите е на незавидно ниво. Преовладува мислењето дека ГОите им служат на индивидуални цели или интереси. Од друга страна, во бизнис-секторот, паралелно со комуникацијата, се зголеми и интересот за соработка со ГОи, а во одделни случаи, и финансиската поддршка.

ГОите во најголем број случаи ги објавуваат своите годишни извештаи согласно Законот за здруженија и фондации од 2010 година. Сепак, ГОите сè уште немаат постигнато консензус околу формалниот кодекс на однесување.

Индексот на одржливост на граѓанските организации (CSO Sustainability Index - CSOSI) е клучна аналитичка алатка за мерење на напредокот на граѓанскиот сектор во регионот на Централна и Источна Европа и Евроазија. Со индексот се следи напредокот на граѓанското општество во дваесет и девет земји во последните петнаесет години.
Индексот се однесува на повеќе параметри, меѓу кои целокупното опкружување за работа на граѓанското општество, со фокус на правната рамка, организацискиот капацитет, финансиската одржливост, застапувањето, обезбедувањето на услуги, инфраструктурата и имиџот во јавноста. Секој аспект се оценува на скала од 1 до 7, каде 1 претставува најнапредно ниво, а 7 означува најниско ниво на развој на граѓанското општество. Индексот е дефиниран од страна на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во партнерство со локални организации во секоја од земјите.

За повеќе информации, контактирајте го Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум“ на office@studiorum.org.mk.

Англиската верзија на Индексот на одржливост на ГО во 2012 година за Централна и Источна Европа и Евроазија е достапна на следниот линк: http://www.usaid.gov/europe-eurasia-civil-society